# XXXVIII СРЕДБИ НА ИЗВИДНИЦИ ГОЛОЗИНЦИ - 2024




Почитувани извидници, извидничкиот одред “Димитар Влахов” од Велес одбележувајќи го Денот на Државноста на Македонија, Ве поканува на традиционалните XXXVIII Средби на извидници Голозинци - 2024. Во периодот од 1975 до 2024 година, успеваме да организираме триесет и осум Средби на извидници од кои последните дваесет и две беа од меѓународен карактер. Овие XXXVIII Средби ги организираме повторно на тема ориентацијата и топографија, но сега и со еколошки активности, сигнализација ...... игра како метод на работа во традиционалниот скаутизам, значи дојдете да се дружиме, да играме и забавуваме, но и да научиме нешто ново и еколошки да се едуцираме.

*******************************************************************

**Време на одржување**: 06 –08. 09. 2024 год.
**Место на одржување**: Извиднички центар “Голозинци” во с. Голозинци, Општина Чашка
**Натпреварувачки категории на извидниците**:

- Извидници (12 – 15 год.)
- Истражувачи (16 – 18 год.)
- Ровери (19 – 24 год.)

**Составнапатролата**:2+2,3+1,1+3,4-0,0-4
**Карактер на акцијата**: тридневно логорување со натпревари од ориентација и топографија, еколошко едукативни активности и живот во природа



*******************************************************************




**Колективна опрема**
- Две батериски ламби
- Прибор за цртање
- Шатор (2 по екипа )
- Шаторско крило
- Подметач за спиење

**Лична опрема**
- Извидничка униформа
- Вреќа за спиење
- Прибор за јадење
- Марама

*******************************************************************

SCOUTS Creating a Better World
SCOUTS Creating a Better World
SCOUTS Creating a Better World

## ПРОГРАМА НАСРЕДБИТЕ

| | |
|---|---|
| **Петок 06.09.2024 год.** | |
| 16:00 | Тргнување Велес-Голозинци (пред Стоковна куќа – кај Коњот !!!) |
| 17:00 – 18:00 | Пристигнување во Голозинци и сместување |
| 18:00 – 18:30 | Отварање |
| 18:30 - 19:30 | Состанок со водачите |
| 19:30 - 20:30 | Вечера |
| 20:30 - 23.00 | КЗП и логорски огин |
| 23:00 | Повечерие |
| **Сабота 07.09.2024 год.** | |
| 7:30 – 8:00 | Будење и лична хигиена |
| 8:00 - 8:30 | Појадок |
| 9:00 | Решавање на задачи и старт напатролите |
| 15:00 | Пристигнување на екипите и ручек |
| 15:00 - 19.00 | Одмор |
| 19:00 – 20:00 | Вечера |
| 20:00- 00.00 | КЗП и логорски огин |
| 00:00 | Повечерие |
| **Недела 08.09.2024 год.** | |
| 08:00 | Будење |
| 09:00 | Појадок |
| 10:00 | Слободни активности |
| 11:00 | Прогласување на победниците и свечено затворање на акцијата |
| 12:00 | Поаѓање кон Велес |

**НАПОМЕНА:**Сите патроли се должни да си донесат шатори за сместување на нивните членови. Одредот организатор не обезбедува шатори за сместување. Доколку вашиот одред не поседува опрема, ве молиме благовремено да неконтактирате.

**ПРИЈАВА НА ЕКИПИТЕ:**
Најкасно до 02.09.2024 год. (понеделник) на e-mail: scoutveles@gmail.com и на теле-фоните 070/265-250 Ангелче Гушев – Гуше, Благој Ѓорчевски - Коте 078/226-769 и 071/ 320-763 Иван Гушев. Сите информации можете да ги добиете и на www.scoutveles.org.mk



**ВЕ МОЛИМЕ ДА ГИ ЗАПАЗИТЕ РОКОВИТЕ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ!!!**

**КОТИЗАЦИЈА ЗА УЧЕСНИЦИТЕ:**
Уплата на патрола од Македонија е 1.600,00 ден на ж.с. 200-0000037519-52 Банка: Стопанска банка АД Скопје или при самото доаѓање на XXXVIII Средби на извидници. За секој дополнителен учесник на средбите се доплаќа 400,00ден.

**Патролите надвор од Македонија се ослободени од котизација.**

**ПРИЕМ НА ПАТРОЛИТЕ :**
Патролите се должни да пристигнат во Велес на 06.09.2024 год. (петок) најкасно до 16 часот, од каде што организирано со автобус (пред Стоковна куќа во Велес – кај Коњот) ке бидат пренесени до ИЦ “Голозинци”. Организаторот обезбедува: пет оброци, медали, пехари и дипломи за освоените први три места и награди за најдобро изработени материјали на XXXVIII Средби на извидници. **ПРЕДЗАДАЧА:** Табла со еколошка порака или одредски амблем во А4 формат изработени на материјал по избор дрво, лим, пластика– (200 бодови максимум за најдобриот)

**Старешинство на**
**ИО “Димитар Влахов“ – Велес**